др Ристо Солунчев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

Б И Л Т Е Н

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ

Број 1107

Скопје, 15 септември 2015 година

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): СОВРЕМЕНА ФИЛОЗОФИЈА, ИСТОРИЈА НА ФИЛОЗОФИЈАТА, ФИЛОЗОФИЈА (ОПШТ КУРС) НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје/Филозофскиот факултетот/Институтот за филозофија, објавен во весниците *Нова Македонија* и *Коха* од 2. 6. 2015 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): *современа филозофија, историја на филозофијата, филозофија (општ курс)*, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04-1184/6, донесена на 1. 7. 2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ферид Мухиќ, претседател на Комисијата, д-р Бранислав Саркањац, член на Комисијата и д-р Иван Џепароски, член на Комисијата.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс), во предвидениот рок се пријави доц. д-р Ристо Солунчев.

19. Биографски податоци и образование

Кандидатот доц. д-р Ристо Солунчев е роден на 6. 11. 1976 година во Скопје. Средно образование завршил во гимназијата „Раде Јовчевски Корчагин" во 1995 година. Со високо образование се стекнал на Филозофскиот факултет во Скопје, УКИМ, на Институтот за филозофија. Дипломирал на Институтот за филозофија во 2003 година, со просечен успех 9, 44.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2005/2006 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за филозофија. Студиите ги завршил во 2007 година, со просечен успех 10,00. На 17. 12. 2008 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Субјектот во филозофијата на Мишел Фуко.*

Докторска дисертација пријавил истата година на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за филозофија. Дисертацијата на тема: *Постмодернистичката интерпретација на филозофскиот опус на Фридрих Ниче* ја одбранил на 25. 6. 2010 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Ферид Мухиќ, проф. д-р Вера Георгиева, проф. д-р Коле Јовановски, проф. д-р Иван Џепароски и проф. д-р Мирко Ѓошевски. Со тоа се

стекнал со научниот степен доктор на филозофски науки од научната област современа филозофија и историја на филозофијата.

Во ноември 2010 година е избран во звањето доцент на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за филозофија, во областа современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс).

Во моментот е доцент на Институтот за филофофија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.995/163 од 1. 11. 2010 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 885/46, 965/197, 995/163, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

20. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филозофски факултет – Скопје, кандидатот д-р Ристо Солунчев изведува настава и вежби на прв и втор циклус студии на студиската програма философија.

Кандидатот бил ментор на 21 дипломски труд.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 20 дипломски, 3 магистерски труда и на 6 докторски дисертации.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Д-р Ристо Солунчев има објавено вкупно 9 научни трудови од областа на филозофијата, од кои 4 научни труда во меѓународни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 1 труд во зборник од научен собир со меѓународен уредувачки одбор.

Д-р Ристо Солунчев бил раководител на два национални научно-уметнички проекта.

Кандидатот бил ментор на 2 магистерски труда.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.
Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Ристо Солунчев активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Филозофскиот факултет во Скопје.

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Атина на Институтот „Симон Карас" на отсекот за византиска музика и култура.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Филозофскиот факултет во Скопје.

Кандидатот бил претседател на уредувачкиот одбор за издавање на Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 2012-2015 година.

Бил член на една Рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.
Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Ристо Солунчев, како доцент од 2011 до 2015 година, доби позитивна оценка на двете анонимно спроведени анкети 2013 и 2015 година од студентите на Филозофскиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Ристо Солунчев.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ристо Солунчев поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во научните области: современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, д-р Ристо Солунчев да биде избран во звањето **вонреден професор** во научните области: современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

4. Проф. д-р Ферид Мухиќ, с.р.
5. Проф. д-р Бранислав Саркањац, с.р.
6. Проф. д-р Иван Џепароски, с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Ристо Иван Солунчев

Институција:
Филозофски факултет – Скопје, Институт за филозофија

Научна област:
Философија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
1.	Одржување на настава од прв циклус, 2011-2015, по предметите:*нововековна филозофија, Германска класична филозофија, современи филозофски правци, Теорија на познание, филозофија на нов век.*	22,8
2.	Одржување на настава од втор циклус по предметите *филозофија на 20 век* (15 ч) и *филозофија на постмодернизмот* (15 ч), 2012 год.	1,5
3.	Раководител на настава во *Работилница по византиска музика* во рамките на културната манифестација "Јустинијанови денови" во организација на МКЦ – Скопје, 2011-2015	7,5
4.	Учесник на истата манифестација како *предавач* – 2013, 2014, 2015	3
5.	Одржување на вежби	17,1
6.	Консултации со студенти	0,8
7.	Ментор на дипломска работа	4,2
8.	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат	3
9.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	0,9
10.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	2

Ред. број	Назив на активноста (наставно-образовна):	Поени
	Вкупно	**62,8**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
1.	Ментор на магистерска работа	2
2.	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно-стручно списание: 1. Солунчев, Ристо, "За една метафизика на уметноста" во: *Филозофија* бр 30, Аз-Буки, Скопје, 2011. (стр. 53-65). 2. Солунчев, Ристо, "Византиската црковна музика како исходиште на еден културолошки универзализам" во *Есеи (рубрика) на ЦЕМ – Центар за музиколоiија*, СОКОМ, 2013. 3. Солунчев, Ристо, „Философијата вчера" во: *Филозофска трибина бр. 15*, Филозофско друштво на Македонија, Скопје, 2014. (стр. 63-69).	12
3.	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно Научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор: 1. Солунчев, Ристо, „Онтологија на динамизмот кај св. Максим Исповедник како довршување на Хеленската мисла", во: *Archiv für Mittelalterliche Philosophie und Kultur, heft XXI,* Исток-Запад, 2015. (стр. 147-170). 2. Солунчев, Ристо, „Македонизмот како историја на слободата. Оглед за философскиот хоризонт на Мисирков (Macedonism as history of freedom)", во: *Гласник*, година 59, бр. 1-2, ИНИ, Скопје, 2015. 3. Солунчев, Ристо, „Постмодернистичкото децентрирање на субјектот и православниот концепт на личноста", во: *Philosophia: E-Journal of Philosophy and Culture* – 10/2015. 4. Солунчев, Ристо, „Ниче како флукс во постмодерната машина", во *Спектар, бр. 65/2015*, Институт за македонска литература, Скопје, 2015.	24
4.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:	2

Ред. број	Назив на активноста (научноистражувачка):	Поени
	1. Солунчев, Ристо, *"Витгенштајн и постмодернистичкото ломотење"*, во: *Филозофијата на крстопат: Аналитичка и/или континентална филозофија (Зборник на трудови)*, Филозофски факултет, Скопје 2013, (стр. 117-124).	
5.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: 1. *Платон и системот на динамичката онтологија"*, во: Зборник трудови од Научен симпозиум 2400 години од Платоновата академија, Филозофски факултет, Скопје.	3
6.	Учество на научен стручен собир со реферат	3
	Вкупно	**48**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-уметничка):	Поени
1.	Издадено ЦД или друг носач на звук: 1. Детето и белото море/Мизар и Хармосини, МКЦ, 2010 –ЦД 2. Химни на божествената литургија/Хармосини, Мануфактура, 2014 - ЦД	16
2.	Диригирање со хор – целовечерен концерт 1. Целовечерен концерт на Хармосини во Санкт Петерсбург, Православен музички фестивал, 17.7.2012 2. Целовечерен концерт на Хармосини во Битола, Бит-фест, 2012. 3. Целовечерен концерт на хармосини во Струмица, Денови на византиска музика, 2012.	12
	Вкупно	**28**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста (стручно-апликативна):	Поени
1.	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот	1
2.	Превод на дел од книга: 1. Димитар Христов Ѓузелов, Шопенхауеровата прагматистичка критика на умот, во: *Филозофија, бр. 30* (стр. 67-83), Аз-Буки, 2011.	1
3.	Предавање на институции од јавен интерес, културно информативни центри	2,5
4.	Претседател на уредувачки одбор на научно/стручно списание, 2012-2015	2
5.	Студиски престој во странство: Двонеделен престој во Атина на Институтот "Симон Карас" на отсекот за византиска музика и култура, мај 2015.	0,5
6.	Раководител на постдипломски студии на Институтот за филозофија	2
	Вкупно	**9**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	62,8
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	48
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	28
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	9
Вкупно	147,8

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

1. **Проф. д-р Ферид Мухиќ, с.р.**
2. **Проф. д-р Бранислав Саркањац, с.р.**
3. **Проф. д-р Иван Џепароски, с.р.**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1184/10
30-10 2015 год.
Скопје

Врз основа на член 63 и 134 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РМ бр.35/2008, бр.103/2008, бр.26/2009; бр.83/2009, бр.99/2009; бр.115/2010, бр.17/2011, бр.51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015) и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 1107/269 од 15. IX 2015 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XX редовна седница, одржана на 28. X 2015 година, донесе

О Д Л У К А
за избор на наставник

Член 1

Д-р Ристо Солунчев, доцент за научните области (дисцилнини): историја на филозофијата, современа филозофија, филозофија (општ курс) на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје, с е и з б и р а во звањето ***вонреден професор*** за научните области (дисциплини): ***современа филозофија, историја на филозофијата и филозофија (општ курс)***, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

Со извршениот избор именуваниот засновува работен однос за времето на кое е избран, сметано од 29.10.2015 година.

Член 2

Со именуваниот ќе се склучи договор за работа.

Член 3

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи (2), Одделението за материјално-финансиско работење и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Горан Ајдински

Изготвил:м-р В. Карапеева
Одобрил:проф. д-р Л. Дамовска